unicef
for every child

Република Северна Македонија
Министерство за труд и социјална политика

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Министерство за труд и социјална политика
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale
Бр.-Nr. 14-7494/1
22-11-2023 год.-vit/e.
СКОПЈЕ - SHKUP

# Јавен оглас

## За избор на експерти-обучувачи во рамки проектот „Инклузија на деца Роми во предучилишно образование"

Во рамки на проектот Инклузија на деца Роми во предучилишно образование Министерство за труд и социјална политика во партнерство со УНИЦЕФ Северна Македонија објавува конкурс за ангажирање на експерти-обучувачи за одржување на предавања-работилници. Експертите може да биде од следните области: доктор, психолог, педагог, социолог, нутриционист и/или некоја друга сродна наука која ги исполнува потребните критериуми.

## Опис на проектот

Проектот „Инклузија на деца Роми во предучилишно образование", го имплементира Министерството да труд и социјална политика, во соработка и финансиска поддршка од УНИЦЕФ Северна Македонија. Целта на проектот е зголемување на бројот на деца Роми во Јавните општински установи на возраст од 3 - 6 години (како приоритетна група), надминување на стереотипите и предрасудите, подобрување на социјалните вештини и знаењето на македонскиот јазик на децата Роми и целосна поддршка при раниот детски развој. Проектот има за цел да придонесе и за зголемување на стапката на запишување на децата Роми во прво одделение, подобрување на родителските способности кај родители Роми, зајакнување на врската помеѓу родителите и предучилишните установи и подигнување на квалитетот на наставата и учењето.

## Избор на експерти-обучувачи за предавања-работилници за родителите на децата во социјален ризик

Република Северна Македонија
Министерство за труд и социјална политика
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale

Се бараат експерти-обучувачи од следните профили за одржување на предавања-работилници во период од декември 2023 - мај 2024:

Критериуми кои треба да ги исполнуваат експерите:

- Завршено високо образование
- Да има најмалку 3 година работно искуство
- Претходно искуство со сличен ангажман ќе се смета за предност
- Основно познавање на компјутерски вештини (Microsoft office пакет)
- Одлични вештини во комуникација
- Професионална етика, навремено и уредно завршување на задачите и посветеност кон целите на проектот, работа со рокови

Сите заинтересирани кандидати, се охрабруваат да доставаат Кратка Биографија и Диплома за завршено соодветно образование најдоцна до 30.11.2023 на меил kristijan.angelkov@mtsp.gov.mk.

За дополнителни информации може да се обратите секој работен ден од 08:30-16:30 часот на тел.бр. (02) 3223 834.

Министерство за труд
и социјална политикана
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Републиа Северна Македонија

+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk